За нас

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата, која на македонскиот пазар влезе во 2006 година. Најважна цел за ЕВН Електродистрибуција е сигурно и квалитетно снабдување на корисниците со електрична енергија.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

Во одделот Информатички и телекомуникациски технологии потребен/а е инженер/ка за апликации кој/а ќе има клучна улога во реализирањето на нашите проекти врзани со интеграција, обработка и анализа на мерни и енергетски податоци.

## Database developer/data analyst (М/Ж)

### Опис на работните задачи

- Дизајн и развој на бази, табели, views, stored procedures, функции, пакети и други објекти во база
- Интеграција на податоци од различни податочни извори - собирање, организирање, анализа и дистрибуирање на значителни количини на податоци, интерпретирање на трендови или модели во комплексни збирки на податоци
- Анализа, спецификација, концепт и оптимизација на ИТ проекти во контекст на BI
- Креирање и одржување на техничка документација за различни системи, услуги и деловни процеси, вклучувајќи бази на податоци и процедури за известување

### Потребни компетенции

- Одлично познавање и искуство со релациони бази на податоци (SQL Server, Oracle)
- Искуство со MS продукти (Reporting and Integration services, PowerBI, и др.)
- Искуство со BI/datawarehouse технологии и анализа на податоци
- Познавање на .NET (C#, ASP.NET, MVC)

### Потребни квалификации и лични карактеристики

- Високо образование - Информатика
- Одлично познавање на Англиски јазик, пожелно е познавање на Германски јазик
- Работно искуство најмалку 3 години
- Доверливост, исполнителност, иницијативност, одлични аналитички способности, прецизност, точност, комуникативност, тимски играч

Аплицирајте на jobs.evnelektrodistribucija@evn.mk или преку http://www.evn.mk/Careers/OnlineApplication.aspx

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување.

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

Вашиот успех е и наш успех, бидете дел од тимот на ЕВН Македонија!

ЕВН Македонија, Оддел за човечки ресурси и организација
www.evn.mk, jobs@evn.mk, jobs.evnelektrodistribucija@evn.mk